Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 08-491/1

16.11.2022 година

**Управа за електронско здравство**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, (Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Правилникот за систематизација на работните места во Управата за електронско здравство под бр. 08-17/3 од 25.12.2015 година, Директорот на Управата за електронско здравство на ден 16.11.2022 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за работното место : УПР0101Б04000 – Раководител на одделение за управување и унапредување на интегрираниот информатички систем (ИЗИС) – Сектор за ИКТ и анализа на податоци (1) извршител.**

**Во врска со објавениот интерниот оглас за унапредување на административен службеник за работно место – Раководител на одделение - Раководител на одделение за информатичка едукација и контрола на работењето со интегрираниот здравствен информатички систем во одделение – одделение за информатичка едукација и контрола на работењето со интегрираниот здравствен информатички систем со шифра – УПР 01 01 Б04000 се избира прворангираниот кандидат Наташа Клепова Аврамоска со решение бр. 04-239/2 од 05.10.2016 година.**

1. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Управата за електронско здравство.
2. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на Управата за електронско здравство.

**Образложение**

По добиениот согласност од Министерството за Финансии под бр.18-6126/2 од 13.06.2022 година, по барање на Управата за електронско здравство, Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 2/2022 на својата интернет страница, и на веб страницата на Управата за електронско здравство.
Со Решение за формирање на комисија за селекција на вработување број 08-481/1 од 11.11.2022 година, е формирана Комисија која ја спроведе постапката за селекција на унапредување на административен службеник.
Комисијата за селекција спроведе административна селекција за кој состави записник број 08-482/2 од 11.11.2022 година, комисијата состави записник од работата на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

спроведување на интервју и финална ранг листа на кандидати - бр.08-489/1 од 15.11.2022 година .

Врз основа на Записникот од административна селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа кои е доставен до директорот на Управата. Согласно член 52 став (1) од законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот директорот, е должен да донесе одлука за избор. Имајќи во предвид горенаведеното, директорот на Управата за електронско здравство одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука: Незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба против оваа Одлука до Управата за електронско здравство во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата.**

**Управа за електронско здравство**
**В.Д. Д И Р Е К Т О Р,**
**/Рефик МУСТАФИ/**

Доставено до :
- Кандидатот
- Човечки Ресурси
- Архива

Изработил : Онур Клинче
Проверил : Елица Стојаноска Азманоски


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk